### СКОПСКИТЕ ОБЕЛЕЖЈА ПОД ЛУПАТА НА ЈАВНОСТА

# Естетска проценка на скулптурите ќе направи времето

**Дали жителите на Скопје ќе ги прифатат скулптурите како дел од градското ткиво или ќе ги отфрлат како негов некомпактен дел, ќе се види дури по временска дистанца од неколку години, велат архитектите и историчарите на уметност**



Скулптурата „Мачка“, дело на Томе Серафимовски

**Ивана Васева**

„Скопје – метропола“ и „Скопје - единица мера за урбан хаос“. На овие два опозитни одговора се сведуваат впечатоците и на културната и на пошироката јавност по поставувањето на првите четири скулптури (од големата серија од 36) во центарот на Скопје.

Дали скулптурите ќе „легнат“ на современото градско руво? Дали поставувањето на „Шмизла“", „Мачка“, „Вљубени“ и „Девојче“ ќе го разубави и освежи Скопје (кој важи за град со малку скулптури) или, пак, уште повеќе се згуснува непрочистеноста на милионите значења што живеат во центарот на градот? Дали со нив ќе се промени градскиот живот и нашето чувствување на средината во која живееме?

На овие прашања, кои се колективна тема на неделата, ќе одговори времето, едногласно коментираат историчарите на уметност и архитектите.

Дали градското ткиво ќе ги прими скулптурите или ќе ги отфрли како некомпактен дел на градскиот организам, сметаат тие, ќе се види дури по временска дистанца од неколку години.

- За да зборуваме за естетиката на градот треба да имаме трајни вредности. А за да зборуваме за тоа дали скулптурите ќе придонесат за естетиката на Скопје, треба да ги оставиме да си се изборат за своето место. Доживувањето на градскиот простор е прашање на контактирањето и идентификацијата на граѓаните со обележјата - вели архитектот Кокан Грчев.

Деновиве се множат и забелешките во однос на изборот на уметниците што ги работат скулптурите. Според многумина, негативните коментари во јавноста не се толку насочени против идејата да се постават скулптури низ градот, колку што се иритирани од лошата изработка на некои од обележјата. Уметниците сметаат дека и покрај тоа што се појавија многу конкурси, кои ја вжештија желбата кај уметничката фела да остави по некое дело за „вечноста“, сепак, недостига вредносен критериум.

- Идејата за поставување скулптури во градот ми се допаѓа. Но имам забелешки во однос на варијантата што ја пласира конкурсот, а која се однесува на поставување скулптури од помлади автори на сметка на уметници, кои, навистина, заслужиле да остават потраен белег. Некои од скулптурите дури и личат на дела од повозрасни и докажани автори - вели историчарот на уметност Златко Теодосиевски.

И историчарката на уметност Соња Абаџиева смета дека иницијативата за поставување скулптури во центарот на Скопје е добронамерна, но дека се избрзува со естетскиот суд, кој не треба да се донесува однапред.

- Не можам генерално да ги оценувам поставените дела бидејќи не се сите со идентичен квалитет. Убаво би било кога за настани од јавен карактер би се отворила и јавна дебата - вели Абаџиева.

Од Министерството за култура најавија дека до крајот на годинава ќе се постават другите скулптури. Значи, покрај Гоце Делчев, Даме Груев, споменикот на Гемиџиите и на Јустинијан, кои ги финансира општина Центар, ќе бидат откриени и скулптура на чистач на чевли, дете со чантичка во од, девојка што зборува на телефон, скулптура што го претставува познатото оро „Тешкото“, балерина од метал...

Министерската за култура, Елизабета Канческа-Милевска при свеченото поставување на четирите скулптури најави дека до крајот на месецов ќе бидат поставени и скулптурите „Човек-дрво“ и „Космополитски простор“, дела на Антони Мазневски и на Дамјан Ѓуров.



„Шмизла“ од Димитар Филиповски

## „Шмизла“ - главна блогерска тема

„Некој добил инспирација од шмизли, каква креативност...“

Вака гласи еден од коментарите за новите градски скулптури, кои ја вжештија и блогерската сцена, па интензивно се дебатира „за“ и „против“, најмногу за „Шмизла“, која за кратко време стана најкоментираната и најпопуларна македонска скулптура.

„Мора да се поттикне младинава во кој правец да се развива. Мислам, безвезе е образование, самостојност, итн., кога можеш да си најдеш спонзор и сè ќе ти биде средено, не мора да си ја мачиш убавата главичка...“, иронично ги коментира еден блогер вредностите што ги промовира „Шмизла“ на уметникот Димитар Филиповски.

„Ете и тоа чудо бидна. Скопската шмизла да добие свое обележје. Порано бевме горди на јунаците од илинденско востание и на носителите на партизанска споменица, а денес ќе бидеме горди на скопската шмизла, која стана парадигма на нашето секојдневие“, пишува еден блогер.